## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**Од Третото продолжение на Втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 07.09.2006 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,04 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа по втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Роза Топузова-Каревска, Блерим Беџети, Сафет Незири, Абдуладии Вејсели, Љубчо Георгиевски, Данаил Дончев, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураку, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азиз Положани, Селвие Салију, Ајше Селмани, Фадил Сулејмани, Тахир Хани, Кенан Хасипи, Хади Незири и Никола Поповски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот на гласање за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 67 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да работи.

Како што сте известени, сега ќе продолжиме по третата, четвртата и петтата точка од дневниот ред, а втората точка од дневниот ред ќе биде разгледана откако ќе обавам дополнителни консултации со коалициите и политичките партии застапени во Собранието на Република Македонија.

Господинот Макрадули, процедурално.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници,

Излегов процедурално да реагирам во име на пратеничката група на СДСМ. Имено, согласно член 74 од Деловникот за работа на Собранието, став 2, во текот на седницата, по предлог на претседателот или по предлог од 10 пратеници Собранието може да одлучи, значи без претрес да одлучи, што значи, за промена на редоследот на точките мора да се гласа. Значи вие или точката ќе ја повлечете како претседател, како предлагач, или за тоа мнозинството ќе треба да се изјасни.

Од друга страна, очигледно вашата искрена заложба, уште еднаш ќе кажам, што вие веројатно без консултација со некого ја направивте, и не само на неколку членови на пратеничката група на СДСМ, на претседателот на СДСМ, на двата потпретседатели на СДСМ ја дадовте таа понуда за потпретседателското место, истата понуда ја дадовте пред 7 координатори во Охридската сала, за што верувам дека ќе потврдат пред медиумите и сите други. Очигледно, таа ваша искрена намера и искрена заложба се изјалови. Сега се доведуваме во ситуација искрените намери и јавно изразената волја за внесување на европски манири и европско однесување овде во Собранието, очигледно се злоупотребени. Нашите заложби да бидеме конструктивна опозиција веднаш наидоа на неприфаќање од страна на позицијата и очигледно после ваквата злоупотреба, ваквите игри и вашиот променет став, па за жал мислам дека им должите извинување на луѓето присутни на координацијата и на пратеничката група на СДСМ, бидејќи во денешните медиуми прочитавме дека вие се повлекувате или никогаш таква изјава не сте дале. За жал, мораме да констатираме дека нашите искрени намери се злоупотребени и во овој момент пратеничката група на СДСМ нема да учествува во продолжението на расправата на оваа седница, а јас се надевам дека процедурално ќе ја продолжите работата на Собранието и со гласање ќе го промените редоследот на точките. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Јас како предлагач ја повлекувам таа точка од дневниот ред, но ако инсистирате на гласање, можеме и да гласаме.

(Пратеничката група на СДСМ излегува од салата)

Повелете госпоѓо Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** На вчерашната координација беше договорено да добиеме записник кој би требало сите координатори да го потпишат. Координаторот на ВМРО-Народна партија не го потпиша записникот, затоа што смета и сега јавно кажувам дека во записникот не беа наведени сите точки за кои беше дискутирано.

Сметам дека од исклучителна важност е господин претседател да им објасните на пратениците, бидејќи станува збор за измена на Деловникот и понуда на три потпретседатели на Собранието, значи координаторот на пратеничката група на ВМРО-Народна партија побара четврти потпретседател во Собранието кој би бил од нашата партија. Сметам дека тоа треба да им го кажете на пратениците и во иднина записниците од координацијата да бидат целосни. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Тоа е дел од моите дополнителни консултации кои ги побарав сега и тоа е дел од повлекувањето на мојот предлог. Ова ќе го разгледаме пак на координација, за да дојдеме координирани за следната седница, кога оваа точка од дневниот ред ќе биде ставена на дневен ред. Значи заради тоа произлезе потребата од дополнителни координации.

**Весна Јаневска:** Простете претседателе, јас сум сосема согласна со тоа и тоа е во ред, но записник е записник и записникот мора да ги содржи сите елементи или сите точки за кои е дискутирано тогаш. Затоа сметам дека и одложувањето на вашата точка, што исто така сметам дека треба да биде по Деловникот на

Собранието, треба да ги содржи соодветните елементи, значи точен записник од седницата на координацијата. Инаку, ќе биде безпредметно натаму да разговараме за одлагање на оваа точка од дневниот ред. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Да, се согласувам, ќе го направиме и тоа.

Дозволете сега да преминеме на третата точка.

Пред тоа, повелете господине Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседател, согласно Деловникот, од името на пратеничката група на Либерално-демократска партија ве молам за пауза, значи не повеќе од 15 минути, за дополнителни консултации.

**Љубиша Георгиевски:** Давам 15 минути пауза.

(Паузата отпочна во 12,12 часот)

(По паузата седницата продолжи во 12,27 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа.

Има збор господинот Андреј Жерновски:

**Андреј Жерновски:** Господине претседателе како што вие вам познато и на македонската јавност Либерално демократската партија сега е опозиција во Парламентот и ние имаме намера во овој мандат во кој што сега влеговме како Собрание, навистина да се создаде еден респект спрема опозицијата. За жал, во овој момент тоа не постои во Собранието. И од тие причини нашата пратеничка група ќе ја напушти денешната седница. Ќе се вратиме кога ќе се овозможат услови.

**Љубиша Георгиевски**: Има збор госпоѓа Валентина Божиновска.

**Валентина Божиновска:** Почитуван господин претседателе, согласно Деловникот на Собранието пратеничката група на ВМРО-Народна партија бара пауза од еден час.

**Љубиша Георгиевски**: Еден час пауза.

Ќе продолжиме во 13,30 часот.

(по паузата седницата продолжи во 13,37 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа по втората седница на Собранието на Република Македонија.

**Силвана Бонева:** Почитуван господине претседателе во име на пратеничката груна на ВМРО-ДПМНЕ барам половина час пауза.

**Љубиша Георгиевски:** Половина час пауза.Само колку што гледам времето ќе не фати и за ручек.

Тогаш, ќе продолжиме со работа во 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,01 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ве молам, седнете сите на своите места за да можат службите да не пребројат.

**Минуваме на точката 3-Предлог на одлука за извор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за доловнички-мандатно имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повкувам на гласање.

Во салата се присутни 61 пратеник.

За Предлогот на одлуката гласале 58 пратеници. Сите гласале за. Воздржани неема, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точката 4-Предлог на одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија**

Предлагач Трајко Вељаноски, Силвана Бонева, Гордана Јанкулоска, Горан Мисовски, Марјан Додовски, Оливер Спасовски, Роза Топузова Кареска, Лилјана Поповска и Фљора Кадри.

Предлогот на Одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник, 59 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точката 5-Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработна на Собранието на Република Македонија**

Предлагач: пратениците Силвана Бонева, Трајко Велјаноски, Гордана Јанкулоска, Горан Мисовски, Марјан Додовски, Оривер Спасовски, Роза Топузова-Каревска, Лилјана Поповска и Фљора Кадри.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник.

59 пратеници гласале за, никој не гласал воздржано и никој не гласал против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија.

Ја прекинувам Втората седница на Собранието на Република Македонија .

(седницата прекина во 15,12 часот)